**С Т О П А Н С К А   Б А Н К А   А Д - С К О П Ј Е**

ПРЕДЛОГ

# О Д Л У К А

за именување членови на Надзорниот одбор на
Стопанска банка АД - Скопје

Скопје, Декември 2011 година

Врз основа на член 26 и 35 од Статутот на Стопанска банка АД - Скопје (С.О.бр. 200/27.05.2011, пречистен текст), Собранието на акционери на Стопанска банка АД - Скопје, на седницата одржана на ___.12.2011 година донесе

**О Д Л У К А**

за именување членови на Надзорниот одбор на
Стопанска банка АД – Скопје

1. Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје ги реименува следните членови на Надзорниот одбор:

    1. Агис Леопулос, Генерален директор за Меѓународни активности, Национална Банка на Грција, С.А. Атина, Грција;
    2. Анастасиос Лизос, Заменик директор на Секторот за меѓународна мрежа „А”, Национална Банка на Грција, С.А. Атина, Грција;
    3. Владимир Кандикјан, Професор на Правен Факултет ”Јустинијан Први” – Универзитет ”Св. Кирил и Методиј” Скопје, како независен член;
    4. Благоја Наневски, Професор на „Факултет за бизнис економија” Скопје, како независен член.

2. Собранието на акционери ја потврдува Одлуката за именување на член на Надзорен одбор Бр. 196/21.12.2010 година и го потврдува именувањето на Димитра Гудуфа (Dimitra Gkountoufa), Извршен Советник во Националната Банка на Грција.

3. Мандатот на членовите на Надзорниот одбор од член 1 и 2 на оваа Одлука трае 4 (четири) години од денот на стапување во сила на оваа Одлука.

4. Тековниот мандат на реименуваните членови од член 1 од оваа Одлука трае до датумот на стапување во сила на оваа Одлука, но не подоцна од 4 Април, 2012 година.

5. Членовите на Надзорниот одбор на Стопанска банка АД – Скопје, имаат право на месечен надомест за нивната работа во нето износ од 200 евра.

6. Оваа Одлука стапува во сила по добивањето на соодветни согласности од страна на Гувернерот на Народна банка на Република Македонија.

С.О.бр. ____
_________ година
Скопје

**СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Претседавач,

# О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Како што е утврдено со Законот за Банки и Статутот на СБ, членовите на Надзорниот одбор ги именува Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје (СБ). Мандатот на ченовите трае 4 (четири) години, со право на повторно именување во согласност со Статутот на СБ. Секое именување е предмет на одобрување од страна на Гувернерот на Централната Банка.

Членовите на Надзорниот одбор, Г-дин Агис Леопулос, Г-дин Анастасиос Лизос, Г-дин Владимир Кандикјан и Г-дин Благоја Наневски беа именувани за членови на Надзорниот одбор на СБ на Акционерското Собрание одржано во Декември, 2007 година. Соодветните согласности за нивното именување беа издадени на 4 Април, 2008 година со период на важност од четири години. Во согласност со Законот и Статутот на СБ нивниот мандат истекува на 4 Април, 2012 година. Имајќи го во предвид горенаведеното како и законски пропишаниот период од 60 дена за постапката за издавање согласност од Централната Банка како и проценетиот период од 60 дена за организирање на седница на Акционерско Собрание, се предлага Собранието на Акционери да ги реименува погоре наведените членови. Дополнително, се предлага Собранието да го потврди именувањето на Димитра Гудуфа (Dimitra Gkountoufa) за член на Надзорниот одбор.

Во согласност со Одлуката на Управниот одбор на Националната Банка на Грција (НБГ), донесена на состанокот одржан на 28.09.06 година, сите вработени во НБГ С.А. Атина кои учествуваат во Управните одбори на Банки или Компании во рамки на НБГ Групацијата, во овој случај сите членови на Надзорниот одбор на СБ од Грција, нема да добиваат надоместок за нивното учество како членови на Надзорниот одбор на СБ.

Во согласност со Законот за банки предложените именувања се предмет на одобрување од страна на Гувернерот на Народната Банка на Република Македонија, по кои одобрувања именувањата ќе стапат во сила.

Скопје, Ноември 2011 година